РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2141/4
19 -06- 2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-5021/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5021/1 од 15.11.2021 година.
Предметот со број 08-5021/1 од 15.11.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-5021/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива. Од увидот во Службен весник на РСМ број 190/21, ДКСК утврди дека на лицето ____________________ на ден 30.07.2021 година му престанала функцијата член на управен одбор на ____________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека ____________________, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднела анкетен лист до ДКСК, со што сторила прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК на ______________________________ и издаде прекршочен платен налог број 2141/2 од 10.04.2022 година, по кој од страна на именуваната, во законски предвидениот рок е постапено, односно е платена половина од утврдената глоба.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК